У п. бр.08-49

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КОНЧАР – Улагања д.о.о. за деловни услуги (KONCAR Ulaganja d.o.o. za poslovne usluge) со регистрирано седиште на ул. Фалерово Шеталиште 22, Загреб Република Хрватска, преку адвокатско друштво ххх од Скопје, на седницата одржана на ден 20.03.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која КОНЧАР – Улагања д.о.о. за деловни услуги (KONCAR Ulaganja d.o.o. za poslovne usluge) со регистрирано седиште на ул. Фалерово Шеталиште 22, Загреб Република Хрватска ќе стекне единствена контрола над Напредна енергетска рјешења д.о.о. (Napredna energetska rješenja d.o.o.) друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Фалерово Шеталиште 22, Загреб, Република Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 16.02.2024 година, а дополнето на 06.03.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на КОНЧАР – Улагања д.о.о. за деловни услуги (KONCAR Ulaganja d.o.o. za poslovne usluge) со регистрирано седиште на ул. Фалерово Шеталиште 22, Загреб, Република

Хрватска, со која КОНЧАР – Улагања д.о.о. за деловни услуги Загреб, Република Хрватска ќе стекне единствена контрола над Напредна енергетска рјешења д.о.о. (Napredna energetska rješenja d.o.o.) друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште на Фалерово Шеталиште 22, Загреб. Напредна енергетска рјешења д.о.о. е заедничко вложување помеѓу КОНЧАР Групацијата и компанијата Констракшн Лајн. Со склучување на xxx, стекнувачот дополнително ќе стекне 49% од уделот на целното друштво и ќе стане 100% единствен содружник, со што се стекнува единствена контрола врз целното друштво.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

КОНЧАР – Улагања д.о.о. е дел од КОНЧАР Групацијата, групација на друштва активни во енергетскиот сектор – производство на опрема и постројки за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија, како и шински возила и опрема за употреба во областа на транспортот и индустријата.

Кончар Групацијата има регистрирано присуство на пазарот во Северна Македонија преку своите подружници:

КОНЧАР ИНЖЕНЕРИНГ Д.О.О. ЗА ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ - Подружница Македонија, со адреса Борис Трајковски бр.1/1-8, Скопје-Кисела Вода, со регистрирана дејност: производство на апарати за дистрибуција и контрола на електрична енергија; и

КОНЧАР - АПАРАТИ И ПОСТРОЈКИ ДОО за производство Загреб Република Хрватска - Подружница КОНЧАР - АПАРАТИ И ПОСТРОЈКИ - Скопје, со адреса 11-ти Октомври бр.18, мезанин 2/1, Скопје – Центар, со регистрирана дејност: други градежно-монтажни работи.

Напредна енергетска рјешења д.о.о. е сопственик на мнозински удел во Далековод д.д., матичната компанија на Далековод Групацијата, хрватска групација на компании активни во областа на проектирање, производство и изградба на далноводи, трафостаници и инфраструктура.

Напредна енергетска рјешења д.о.о. има регистрирано присуство на пазарот во Македонија преку своето поврзано друштво - Далековод д.д. кое има регистрирана подружница во Северна Македонија: ДАЛЕКОВОД Акционерско друштво за инжењеринг, производство и градење Загреб, Подружница ДАЛЕКОВОД Скопје со седиште на ул. Никола Парапунов бр. 41 – објект 5/бр. 22, Скопје – Карпош, Република

Северна Македонија. Регистрираната дејност на Подружница Далековод – Скопје е производство на метални конструкции и градежни делови.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1)  и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 г) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**